Macedonian
March 2003
[BHC-6220]

# Поткожни средства за контрацепција - информација за жените

## Contraceptive implants - information for women

**Што е тоа поткожно средство за контацепција?**
Поткожните средства за контацепција делуваат слично како пилулите за контацепција. Тие содржат еден од хормоните што се наоѓаат во контацептивните пилули. Овој хормон спречува да дојде до забременување. Но наместо во пилула, овој хормон се наоѓа во мало тенко и флексибилно стапче. Долго е 4 сантиметри и е направено од пластика. Се става под кожата во внатрешната страна на раката на жената. Тоа мора да го изведе доктор кој што ја знае оваа техника на всадување.

Всаденото средство постојано ослободува мала доза на хормон и на тој начин спречува да дојде до забременување. Неговото дејство трае три години. Средството мора да се извади на крајот на третата година. Меѓутоа, тоа може да се изавди во секое време и тоа треба да го направи доктор кој што ја знае техниката на отстранување.

**На кој начин функционира поткожното средство?**
Ова средство ја спречува бременоста така што
* не дозволува јајниците на жената да создадат јајна клетка секој месец
* ја згуснуваат слузницата што жените ја имаат на цервиксот (влезот во матката). Ова го отежнува продирањето на сперматозоидите на патот кон оплодувањето на јајцето.

**Колку е ова ефикасно?**
Поткожното средство за контацепција е ефикасно над 99% во спречувањето на бременост. Меѓутоа, не заборавете дека ниту едно средство за контацепција не е 100% сигурно.

Кои се предностите на поткожното средство?
* Ефикасна контацепција во траење од три години.
* Не мора да памтите да користите контацепција секој ден.
* Не влијае на сексуалните односи
* Мал трошок

Кои се слабите страни?
* Кај жените кои ги користат овие поткожни средства доаѓа до промени во нивните менструални циклуси. Повеќето жени помалку крварат отколку пред тоа, но некои жени имаат почести и подолги менструации.
* Некои жени имаат пропратни ефекти како резултат на поткожното средство и тоа може да бидат главоболки и акни.
* Поткожното средство не заштитува од венерични заболувања (болести пренесени преку сексуални односи), ХИВ/СИДА или Хепатит Б.

**А што со плодноста?**
Поткожното средство за контацепција не влијае врз плодноста откак ќе се извади – менструациите обично се враќаат во нормален ритам во рок од еден месец.

**Дали може да се види или да се чувствува поткожното средство?**
Средството не може да се види – скриено е под кожата. Но, можете да го почувствувате ако го допрете местото на раката каде што е тоа ставено.

**Кој би се решил за поткожно средство за контрацепција?**
Жена која што
* сака ефикасна, подолготрајна контрацепција која што може да ја откаже
* е подготвена да прифати промени во менструалниот циклус

Поткожното средство може, особено, да ви одговара ако:
* ви е тешко да запамтите редовно да ја пиете пилулата против забременување
* не ги сакате другите методи на контацепција или ви се несигурни
* не можете да го примате хормонот естроген.

Поткожното средство е едно од многуте средства за контацепција. Зборувајте со својот доктор за тоа што ви стои на располагање.

**Кој не би можел да го користи поткожното средство?**
Нема да ви одговара ако:
* имате сериозно заболување на црниот џигер
* имате необично вагинално крварење
* примате лекови што го прават средството за контацепција помалку ефикасно
* имате згрушување на крвта
* не можете да го примате хормонот прогестерон

**Како се всадува и како се отстранува поткожното средство?**
Се всадува со локална анестезија (се здрвува местото). Тоа трае едан минута. Отстарнувањето на поткожното саредство, исто така, се врши под локална анестезија и со мал засек на кожата. Тоа може да остави многу мала лузна. Всадувањето и отстртанувањето на поткожното средство мора да го изведе доктор кој е запознаен со овие техники. После всадувањето би требало да можете да го почувствувате но не и да го видите поткожното сресство. Ако не можете да го почувствувате, обратете се на доктор. Употребете друг метод за контацепција за секоја сигурност се додека докторот ви каже дека средството е се уште на место.

**Дали ќе боли?**
Процесот на користење на поткожното средство не боли. Може да има малку помодрување и чувствителност после всадувањето и вадењето. Тоа може да трае до една недела. Ако го врзете местото со завој првите 24 часа помага да се намали модрицата и чувствителноста. Местото може малку да ве чеша првите неколку дена. Важно е да избегнувате да ја триете кожата каде што е всадено поткожното средство.

**Како да најдам доктор за да разговарам за всадување на поткожно средство за контрацепција?**
Јавете са во FPA Healthline (Информативна здравствена телефонска линија на Здржението за планирање на семејството) на 1300 658 886. Здравствените центри на ова здружение, FPA Health Centres, имаат доктори кои можат да го всадат ова средство. Од информативната телефонска линија спомната погоре, можат да ве упатат до најблискиот центар или до друг доктор кој што е обучен да всадува поткожни средства. Или јавете се во мултикултурната здравствена служба, FPA Multicultural Health Services на 02 9754 1322.

Ако ви треба помош да се јавите на англиски, јавете се во Службата за преведување (TIS) на 131 450.

Повеќе информации од областа на здравството на македонски јазик можете да најдете на вебсајтот на Multicultural Communication на http://mhcs.health.nsw.gov.au.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.